СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА
Република Северна Македонија
KËSHILLI PËR AVANSIM DHE MBIKËQYRJE TË REVIZIONIT NË
Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр.-Nr. 01-149/1
22.04. 2024 год.-viti

**П Р Е Д Л О Г**

# Годишен извештај за работењето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2023 година

Скопје, април 2024 година

# Содржина


**1. Основање ....... 3**

**2. Мисија ....... 3**

**3. Визија ....... 3**

**4. Состав на Советот во 2023 година ....... 4**

**5. Надлежности на Советот ....... 5**

**6. Исполнување на годишна програма за работа на Советот за 2023 година ....... 6**

**7. Лиценцирање ....... 7**

**8. Надзор над Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија ....8**

*8.1. Дадени согласности на актите на Институтот ....... 8*

*8.2. Извештаи за транспарентност за 2022-2023 ....... 9*

*8.3. Учество на континуирано професионално усовршување на стручната служба на Советот ....... 9*

*8.4. Учество на Комитетот Moneyval при Советот на Европа ....... 10*

*8.5. Работни состаноци со претставници на домашни институции ....... 10*

**9. Меѓународна активност на Советот за 2023 година ....... 11**

**10. Финансиски информации за реализација на финансискиот план за 2023 година .......14**

## 1. Основање

Заради унапредување и надзор на ревизијата, Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот за финансии основаше Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Советот) како самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања утврдени во Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21).

## 2. Мисија

Советот има за цел преку стручни анализи, препораки, советувања и вршење независен јавен надзор на ревизијата, да работи во насока на нејзино унапредување, поттикнување и придржување кон високите професионални стандарди во ревизорската професија, со цел да се зголеми довербата и транспарентноста во податоците и информациите искажани во финансиските извештаи на деловните ентитети, со тоа да се минимизираат потенцијалните ризици, со што се влијае кон подобрување на целокупната бизнис клима во Република Северна Македонија.

По однос на потребата за транспонирање на право на ЕУ, во областа на ревизија, се очекува во текот на 2024 година да биде донесен новиот закон кој е во фаза на Нацрт-закон за ревизија, каде надлежностите на Советот во целост се усогласени со Директивата на ЕУ 2014/ЕУ/56 и Регулативата на ЕУ 537/2014[1]. Во истиот посебен акцент е ставен на процесот на контрола на квалитет на ревизорски извештаи на правни лица од јавен интерес, кој поминува во надлежност на Советот од Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Институтот).

## 3. Визија

Визијата на Советот е унапредување и обезбедување високо квалитетен, професионален, независен и ефикасен надзор на ревизијата во Република Северна Македонија.

---

[1]*Директивата 2014/56/ЕУ за изменување на Директивата 2006/43/ЕЗ и Регулативата Бр.537/2014/ЕУ за специфични барања за законска ревизија на субјектите од јавен интерес. Заради дополнително усогласување на националното законодавство со Европското законодавство за ревизија и согласно препораките на Светска банка за транспонирање на новите измени на Директивата за законска ревизија дадени во Ажурираниот РОСК Извештај за сметководство и ревизија се наметна потреба од изготвување на нов Закон за ревизија (DIRECTIVE 2014/56/EU OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 16 April 2014 amending Directive 2006/43/EC on statutory audits of annual accounts and consolidated accounts; REGULATION (EU) No 537/2014 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 16 April 2014 on specific requirements regarding statutory audit of public-interest entities and repealing Commission Decision 2005/909/EC);*

Зголемувањето на важноста на квалитетен ревизорски извештај, не е само од аспект на сопствениците, паралелно и за доверителите и јавноста; државата и други корисници на информации од финансиските извештаи. Само точни и објективни финансиски извештаи, може да бидат соодветна основа за финансиска анализа и носење на правилни одлуки од страна на корисниците на овие финансиски извештаи.

Улогата на овластениот ревизор е клучен човечки фактор за реален преглед на економските текови во државата. Реалноста и објективноста на финансиските извештаи се согледува преку мислењето на овластениот ревизор. Трендот на промена на развојот на ревизорската практика во современите пазарни услови на бизнисот, постојано ги следи барањата кои произлегуваат од процесот на извршување на ревизијата. Промените во професионалната ревизорска средина во изминатите десет години, предизвикаа ревизорските фирми да размислуваат, како да ги подобрат своите практики, со цел да ја подобрат внатрешната одржливост на компаниите и ги унапредат професионалните политики и процедури, земајќи ги предвид Меѓународните стандарди за ревизија.

## 4. Состав на Советот во 2023 година

Мандатот на членовите на Советот е пет години, со можност за повторен избор за уште еден мандат. На 10.05.2022 година, Владата на Република Северна Македонија го именува Александар Наумоски за претседател на Советот. Во текот на 2023 година, Советот работеше во следниот состав на членови претставници на институции:

- Илија Андовски-претставник од Народна банка на Република Северна Македонија;
- Коста Спасески-претставник од Агенција за супервизија на осигурувањето на Република Северна Македонија;
- Каљтрина Љута–претставник од Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија;
- Арбен Халили–претставник од редовите на големите големите трговски субјекти;
- Сузана Ставриќ–претставник од Институтот и
- Лидија Нануш–претставник од Институтот

Во текот на 2023 година, Советот одржа вкупно тринаесет (13) седници, осум (8) редовни (со физичко присуство) и пет (5) електронски седници. На седниците се донесени мислења, заклучоци, одлуки и решенија по однос на работата на Институтот, како и други одлуки и препораки кои произлегуваат од законските надлежности на Советот.

## 5. Надлежности на Советот

Согласно со членот 8 од Законот за ревизија, Советот ги извршува следниве работи:

- донесува статут, деловник за работа, годишна програма, финансиски план и годишен извештај;
- донесува Тарифник за издавање на лиценца за овластен ревизор, лиценца за работа на друштва за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор-трговец поединец;
- издава и одзема лиценца за овластен ревизор, лиценца за работа на друштво за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор-трговец поединец врз основа на правила и постапки пропишани од Советот;
- иницира контрола на друштвата за ревизија, овластените ревизори - трговци поединци и на овластените ревизори од страна на Институтот;
- дава согласност на Статутот и другите акти на Институтот, ја следи нивната примена и му предлага на Институтот нивно изменување и дополнување;
- го следи спроведувањето на годишната и тригодишната програма за контрола преку извештаите добиени согласно член 20-а став (5) од Законот за ревизија и преку учество во комисијата на Институтот надлежна за контрола на квалитет;
- го следи спроведувањето на годишните програми за полагање испит и за континуирано професионално усовршување на Институтот;
- ја следи постапката што ја спроведува Институтот за признавање на квалификации за ревизор стекнати во странство;
- врши надзор над Институтот;
- изрекува мерки на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори трговци - поединци, согласно со Законот за ревизија и го пропишува начинот на утврдување на мерките;
- дава насоки на Институтот за прашања за кои е надлежен согласно со Законот за ревизија;
- ги проверува извештаите за транспарентност согласно со членот 35 од Законот за ревизија;
- ја следи примената на одредбите од Законот за ревизија и прописите донесени врз основа на него и врз таа основа му предлага на министерот за финансии изготвување на соодветни изменувања и дополнувања на истите;
- воспоставува соработка со домашни, странски и меѓународни институции;
- донесува процедури за соработка и размена на податоци со Институтот;
- донесува годишен план за вработување на државни службеници;
- донесува годишен план на обуки за сите вработени;
- одлучува за други прашања за вработените и
- врши други работи утврдени со Закон и Статутот на Советот.

Советот е колективен орган кој работи на седници и донесува одлуки со мнозинство гласови од присутните членови на седницата.

## 6. Исполнување на годишна програма за работа на Советот за 2023 година

Во текот на извештајната година, Советот освен што ги реализира планираните активности во Годишната програма за 2023 година, согласно своите законски надлежности донесе акти и реализираше низа активности кои произлегоа од тековното работење, од насоките и заклучоците на Советот.

Советот донесе тригодишен Стратешки план 2023–2025 година во кој јасно се дефинирани целите на Советот, како и начините за развој на ревизорскиот систем (ревизорската професија) во Република Северна Македонија. Стратешкиот план е изработен врз основа на темелна анализа на состојбите, имајќи ги предвид пред сé, препораките од голем број на домашни и меѓународни експерти.

Преземени се активности од страна на Советот за соработка со сите засегнати страни, чија крајна цел е градење на ревизорски систем во државата, целосно усогласен со меѓународните стандарди кој обезбедува зголемен квалитет на ревизиите; запазување на принципите на законитост, јавност и транспарентност; зголемување на степенот на доверба кај инвеститорите. Во правец на подобрување на бизнис климата во државата.

Во периодот на спроведување на стратешкиот план, се очекува донесување на Нацрт-законот за ревизија, со цел прецизно дефинирање на надлежностите и обврските на Советот. Практичната имплементација, зависи од низа активности насочени кон помош на субјектите и зајакнување на надзорот.

Советот е потребно да обезбеди и овозможи примена на Методологијата за спроведување на независен јавен надзор на ревизорските ангажмани кај правните лица од јавен интерес, кои е предвидено да ги опфаќаат котираните компании, најголемиот и најзначаен дел од трговските друштва од финансиската сфера и најзначајните јавни претпријатија.Со новиот закон е предвидено зајакнување на административните, материјалните и техничките капацитети на Советот. Една од клучните измени се однесува на воведување на одржлив систем на финансирање на надлежностите на Советот и пренесување на контролата на квалитет од Институтот во Советот, како регулатор на ревизорска професија.

Реализацијата на спомenатите цели е подобрување на соработката помеѓу Советот и Институтот и усогласувањето на системот за контрола на квалитет со Директивата за ревизија на ЕУ и Регулативата. Потребно е донесување на подзаконски акти и други дејствија, преку кои се гарантира извршување на новите законски надлежности.

Советот редовно ги анализираше клучните ризици во системот и капацитетите на корпоративното финансиско известување, како и предизвиците во корпоративното финансиско известување на мали и средни ентитети наспроти предизвиците на правните лица од јавен интерес (големи субјекти).

Како битни заклучоци и препораки од работата на Советот во 2023 година се наведува независноста на овластените ревизори. Се анализираше зголемувањето на конкуренцијата и растот на учеството на неревизорските консултантски услуги во вкупната дејност на ревизорските фирми и дали истата ја зголемува независноста и го подобрува квалитетот на ревизијата.

На седниците на Советот се разгледуваше преносот на надлежностите од Институтот кон Советот, постапка која не треба да се гледа како еднostран трансфер на одговорноста која во моментов ја има Институтот. Напротив, треба да се гледа како зголемена заедничка одговорност со Институтот. Функционален систем на контрола на квалитет е обврска на давателите на ревизорски услуги, а не на Советот. Институтот е потребно и неопходно да продолжи да се грижи и континуирано да ги едуцира овластените ревизори. Институтот е потребно да преземе низа заеднички активности со Советот, во правец на развој на ревизорската професија согласно светските текови и промени во деловниот свет.

Советот во текот на 2022 и 2023 година за прв пат од основањето на институцијата, ги исполни сите препораки на Секторот за внатрешна ревизија при Министерството за финансии. Препораки кои се констатирани со соодветни извештаи согласно внатрешната организација на Советот.

## 7. Лиценцирање

Согласно законските надлежности кои произлегуваат од член 8 став (1) точка (1), во врска со членовите 23, 24 и 25 од Законот за ревизија, Советот врз основа на своите јавни овластувања издава и одзема лиценци за овластен ревизор, лиценца за работа на друштво за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор трговец – поединец, врз основа на внатрешни акти донесени од страна на Советот.

Советот ги издава лиценците доколку подносителот на барањето за издавање на лиценца ги исполнува условите предвидени со Законот за ревизија. Доколку (правното или физичкото лице) престане да ги исполнува законските услови врз основа на кои се стекнал со лиценца за работа или по нивно барање, Советот може трајно да ја одзема лиценцата за работа. Советот може времено или трајно да одземе лиценца за работа и врз основа на дисциплински мерки изречени од Институтот на друштва за ревизија, овластени ревизори трговци – поединци и овластени ревизори.

Во табелата е прикажен бројот на издадени и одземени (времено и трајно) лиценци во текот на 2023 година:

Во текот на 2023 година, Советот редовно го известуваше Институтот за секое ново лиценцирање и за секоја изречена дисциплинска мерка, согласно обврската на Институтот, а согласно член 19 од Законот за ревизија за постојано ажурирање на Регистрите на физички и правни лица кои вршат ревизија.

| Ревизорски субјекти | Број на издадени лиценци | Број на времено одземени лиценци | Број на трајно одземени лиценци |
|---|---|---|---|
| Овластени ревизори | 5 | / | 2 |
| Овластени ревизори – трговци поединци | 2 | / | 3 |
| Друштва за ревизија | / | / | 1 |
| Промена на име на лиценца на Друштво за ревизија/Овластен ревизор - трговец поединец | 1 | / | / |
| **Вкупно** | **8** | **/** | **6** |

Во текот на 2023 година, Советот по основ на изречена дисциплинска мерка трајно одзема една лиценца на овластен ревизор и една лиценца на овластен ревизор - трговец поединец. Останатите трајно одземени лиценци се по барање на физичките/правни лица.

## 8. Надзор над Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија

Советот како независно и самостојно регулаторно тело на ревизијата во Република Северна Македонија, со јавни овластувања утврдени во Законот за ревизија врши надзор над работата на Институтот. Советот го врши надзорот непосредно преку учество на член на Советот во Комисијата за контрола на квалитет на Институтот и учество на претседателот на Советот во Комисијата за спроведување на испитот за стекнување на звање ревизор. Советот го врши надзорот согласно надлежностите утврдени со Законот за ревизија, преку разгледување на редовни извештаи доставени од страна на Институтот за информирање. Од анализите на извештаите, Советот дава мислења, предлози и согласност на актите на Институтот.

### 8.1. Дадени согласности на актите на Институтот

Во текот на 2023 година, Советот даде согласност на следните акти на Институтот:

1. Годишна програма за работа на Институтот за 2023 година;
2. Програма за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор;

3. Годишен извештај за работата на Институтот за 2022 година;
4. Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги за 2023 година;
5. Тригодишна програма за работа на комисија за контрола на квалитет на ревизорските услуги за 2023-2025 година;
6. Годишен извештај за наодите од извршените контроли на квалитет за 2021/2022 година;

### 8.2. Извештаи за транспарентност за 2022-2023

Надлежност на Советот е да врши проверка на извештаите за транспарентност, согласно Законот за ревизија. Друштвата за ревизија се должни да ги објават до 31 март во тековната година за претходната година. стручната служба на Советот, согласно Упатството за проверка на извештаите за транспарентност, ги проверува извештаите за транспарентност и подготвува годишен извештај, кој се разгледува на седница на Советот и истиот е јавно достапен на веб страната на Советот (www.sunr.mk).

Во текот на 2023 година, од страна на стручната служба преку проверка на извештаите за транспарентност, се изготви анализа во која посебен акцент е ставен на вкупните приходи на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци, расчленет во четири групи: *приходи од ревизија на годишни и консолидирани сметки; приходи од дополнителни услуги за уверување во квалитет; приходи од даночни и советодавни услуги и приходи од други неревизорски услуги.* Анализата покажа дека на пазарот на ревизија во Република Северна Македонија доминираат 14 друштва за ревизија, кои се членки на ревизорски мрежи. Тоа значи дека, постои доволно професионална експертиза при вршењето на ревизијата. Постои несразмерност помеѓу ревизорските услуги и неревизорските услуги кои ги нудат друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци. Анализата покажа дека, вкупниот приход на друштвата за ревизија и овластените ревизори–трговци поединци во 2023 година бележи пораст на приходите остварени од неревизорски услуги, додека приходот од ревизија се намалува.

### *8.3 Учество на континуирано професионално усовршување на стручната служба на Советот*

Во рамките на реализација на Годишната програма за континуирано професионално усовршување (КПУ) за 2023 година, претседателот на Советот, и вработени во стручната служба беа присутни на КПУ настани во организација на Институтот.

Првиот КПУ настан се одржа на 18.05.2023 година кој беше организиран од страна на Институтот и Здружение на внатрешни ревизори на Република Северна Македонија, во просториите на Едукативен центар М6. На настанот се зборуваше на следниве теми: „Human Element Importance in the control Environment“ и „Значењето на ефективноста и ефикасноста во менаџирањето“.

Вториот КПУ настан беше одржан на 22 јуни 2023 година, теми на КПУ беа „Одржливо осигурување и ESG известување“, „Практични аспекти на осигурувањето“ и „Финансиското известување на друштвата за осигурување и

улогата на ревизорите согласно регулаторните барања за финансиско известување и ревизија на друштвата за осигурување“.

На 05.07.2023, Институтот организираше онлајн настан на следниве теми: „Пазарна манипулација“, „Значење и препознавање“ и „Доверливост на внатрешните информации и превенција од внатрешно тргување“.

На 27 и 28 септември 2023 година, Институтот и Здружението на внатрешни ревизори организираше настан на тема „Зад кормилото на ревизијата“, кој се одржа во хотел Метропол, Охрид.

На 17 и 18 октомври 2023 година, се одржа последниот КПУ настан за 2023 година на следниве теми: „Значајни прашања и дилеми во ревизијата“, „Новини во даночните прописи во 2023 година“, „МСС и МСР“ и „Резултати од извршените контроли во циклусот на контроли на квалитет 2022-2023 година, 2021/2022“ година во хотел Холидеј Ин, Скопје.

### 8.4 Учество на Комитетот Moneyval при Советот на Европа

Во текот на 2023 година, стручната служба на Советот, учествуваше во онсајт мисијата, како дел од 5-от круг на евалуација на системот за СППФТ (Совет за борба против перење пари и финансирање тероризам) на Moneyval[2], Комитет при Советот на Европа, во организација на Управата на финансиско разузнавање. Од страна на мисијата, ревизорската професија во нашата држава е оценета со низок ризик од перење пари и финансирање тероризам.

### *8.5 Работни состаноци со претставници на домашни институции*

Советот и стручната служба заедно со управниот одбор и вработените во Институтот, одржаа работен состанок во просториите на Институтот на ден 19.12.2023 година.

Целта на работниот состанок беше изнаоѓање на заедничко решение за проблеми со кои се соочуваат Советот и Институтот при своето работење, поради делумна неприменливост на некои одредби од Законот за ревизија.

Во дискусиите преовладуваше мислењето дека со Нацрт-законот за ревизија се регулираат дисциплинските постапки при изрекување на дисциплинските мерки со утврдена градација на истите, како и корекција на постојните кратки рокови за постапување дадени во Законот за ревизија. Се дискутираа и темите кои беа обработени на Конференцијата на тема „Зајакнување на корпоративното управување во Северна Македонија: Известување за одржливоста и зголемување на улогата на одборите за ревизија“, која беше организирана од страна на Светска банка и се одржа на 09.11.2023 година во Скопје. Исто така, се дискутираше и за текстот на Нацрт-закон за ревизија и постапката за објавување на Меѓународните стандарди за

[2] *Комитетот* на *експерти* за евалуација на мерките против *перење пари* и финансирање на тероризам (*The Committee of Experts on the Evaluation of Anti-Money Laundering Measures and the Financing of Terrorism – MONEYVAL*);

ревизија во Службен весник на Република Северна Македонија, постапки во кои Советот и претседателот на Советот се вклучија директно во нивната реализација во соработка со Министерството за финансии.

## *9. Меѓународна активност на Советот за 2023 година*

### *9.1 Билатерален скрининг ЕУ-Република Северна Македонија во рамките на Поглавје 6-Закон за трговски друштва*

Претставници на Советот активно партиципираа на Билатералниот скрининг ЕУ-Република Северна Македонија во Брисел, на 27 јануари 2023 година. Заклучок е дека во наредниот период, по усвојување од страна на Владата и донесување на законот за ревизија од страна на Собранието на Република Северна Македонија кој е во нацрт, да следи меѓуинституционално усогласување.

Претставникот на DG NEAR (Генералниот Директорат за добрососедство и проширување на Европската Комисија)[3] од Европската комисија, посебно потенцираше дека Советот како регулатор, мора да го има целокупниот надзор во однос на законската и договорната ревизија во земјата, кај сите правни лица од јавен интерес.

Со оглед на фактот дека секоја земја кандидат има право да побара зачленување во телата на ЕУ, без разлика дали е полноправна членка на ЕУ или не, врзано за идните активности на Советот кои ќе произлезат од новиот закон за ревизија, претставниците ја искористија можноста, во оваа фаза на Билатерален скрининг за Поглавје 06 – Закон на трговски друштва, да побара Советот како регулатор да добие поддршка за учество во „Комитетот на европски тела за надзор на ревизија“ (CEAOB)[4] како набљудувач, се до полноправно членство во ЕУ.

Комитетот на Европската комисија, претставува нова рамка за соработка меѓу националните тела за надзор на ревизијата на ниво на ЕУ. Улогата на Комитетот е да го зајакне ревизорскиот надзор ширум ЕУ, што е клучна цел на новото законодавство на ЕУ за законска ревизија, кое стапи на сила на 17 јуни 2016 година. Придружното членство на Советот би овозможило побрз стручен развој и директна комуникација со регулаторните тела за ревизија во ЕУ, а со тоа зајакнување на улогата на Советот во понатамошно зајакнување на ревизорската професија.

### *9.2 Работни состаноци со претставници на меѓународни институции*

Членовите, претседателот и стручната служба на Советот, активно учествуваа на следните работни состаноци:

---

[3] *Directorate-General for Neighborhood and Enlargement Negotiation;*

[4] *Committee of European Auditing Oversight Bodies;*

- На 8 февруари 2023 година, се одржа онлајн состанок со претставници на Светска банка, на кој беа разговарани повеќе теми како Нацрт-законот за ревизија и моменталните надлежностите на Советот.

- На 16 и 17 мај 2023 година, се одржа инаугуративен состанок на Регионалниот форум за обезбедување квалитет на ревизијата на тема „Подобрување на квалитетот на ревизијата во земјите од Западен Балкан преку регионална соработка" во Виена. На форумот, претседателот и вработените имаа излагање на кое ги информираа присутните за моменталниот статус и текст на новиот закон за ревизија.

- На 3 и 4 октомври 2023 година, се одржа настан за споделување знаење на тема *„Добри практики во надзор и спроведувањето на ревизијата: пример од Полската агенција за ревизорски надзор"* во Варшава. Целта на овој настан беше да се сподели нивното искуство во врска со имплементацијата на системите за јавен надзор и обезбедување квалитет, во согласност со одредбите на ЕУ. Настанот беше организиран од страна на Светска банка во соработка со Полската агенција за надзор на ревизијата.

- На 7 и 8 ноември 2023 година, се одржа *„Second regional audit quality assurance forum на тема Practical Examples of Public Oversight and quality control of Audit"* (Практични примери во јавниот надзор и контрола на квалитет на ревизијата) во Скопје. Форумот имаше за цел да обезбеди приспособена обука за членовите на одборот, клучниот извршен персонал на надлежните органи; контролорите за квалитет на ревизијата за управување, принципи и практично спроведување на системите за јавен надзор и обезбедување квалитет. Институтот за овластени сметководители за Англија и Велс, беше ангажиран да го поддржи спроведувањето на активностите во рамките на компонентите Б[5] и В[6] од REPARIS за МСП и обезбеди обуки и материјали. Дополнително, учесниците се запознаа со улогата и одговорностите на ревизорските одбори во однос на финансиското известување и одржливоста во согласност со одредбите на ЕУ.

- На 9 ноември 2023 година, се одржа Национална конференција на следнава тема: „Зајакнување на корпоративното управување во Северна Македонија: Известување за одржливоста и зголемување на улогата на одборите за ревизија", во Скопје. На конференцијата беше ставен акцент на понатамошното спроведување на мерките за известување за

---

[5] *Поддршка на транспонирањето и усогласувањето на националната законска рамкаи на практиките за финансиско известување и за ревизија со условите на ЕУ (Support for transposition and alignment of national legal frameworks and practices and financial reporting and auditing with the EU requirements);*

[6] *Охрабрување на регионалниот пристап за спроведување на целосни реформи на сметководството и равизијата (Encouraging a regional approach to the implementation of completed accounting and auditing reforms);*

корпоративната одржливост согласно ESG[7], како и зголемување на улогата на одборите за ревизија. Се разгледаа предизвиците и потенцијалните одговори поврзани со:

(1) новите одредби на Директивата на ЕУ за известување за корпоративна одржливост (CSRD)[8], вклучувајќи ги и новите Европски стандарди за известување за одржливоста (ESRS)[9];

(2) спроведувањето на минималните услови на ЕУ за известување за одржливоста („нефинансиски извештај“) и

(3) зголемувањето на улогата на комисиите за ревизија во зајакнувањето на довербата во задолжителната ревизија и во финансиските и нефинансиските информации.

На конференцијата се разгледа сѐ поголемата улога на одборите за ревизија во врска со финансиското известување и известувањето за одржливоста, односно нефинансиски известување. „Одборот за ревизија“ е клучен за зајакнувањето на довербата во законската ревизија и во финансиските информации. Во суштина, одборот за ревизија се очекува да стане главен фактор во рамката за корпоративно управување кое ги опфаќа финансиското известување и известувањето за одржливоста.

### 9.3 Преземени понатамошни иницијативи на Советот на меѓународен план

Советот во 2015 година, отпочна активно да преговара за зачленување во Меѓународниот форум на независни регулатори на ревизија (IFIAR)[10]. Тоа за Советот значи активно и постојано да биде во тек со најновите трендови на ревизијата и нивно пренесување во домашната регулатива. Членството се очекува да се реализира по донесување на новиот закон за ревизија, со кој ќе биде пренесена контролата на квалитет во надлежност на Советот, што претставува услов за членство во IFIAR.

Советот на билатералниот скрининг (ЕУ-2022), побара да добие поддршка за учество во „Комитетот на европски тела на надзор на ревизијата“ (CEAOB[11]) како набљудувач, се до полноправно членство на Република Северна Македонија во ЕУ. Придружното членство на Советот би овозможило директна комуникација со регулаторните тела за ревизија во ЕУ, а со тоа зајакнување на улогата на Советот како регулатор во понатамошно зајакнување на ревизорската професија.

---

[7] *Известување за животна средина, општествени прашања и управување (Environmental, social and governance);*

[8] *Corporate Sustainability Reporting Directive;*

[9] *European Sustainability Reporting Standards;*

[10] *International Forum of Independent Audit Regulators;*

[11] *види, точка 9.1;*

Советот достави барање претставниците на REPARIS for SMEs[12] на Светска банка за користење на македонскиот јазик на престојните настани на Светска банка, бидејќи македонскиот јазик се користи како дел од FRONTEX[13], која е агенција на Европска Унија.

## 10. Финансиски информации за реализација на финансискиот план за 2023 година

Вкупните приходи на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија на сметката 787 за 2023 година изнесуваат 2.100.000,00 денари. Истите се однесуваат на приходи од 15% од вкупно остварените приходи на Институтот во претходната година и приходи по основ на уплати за лиценци за овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци.

Исто така, активностите на Советот се финансирани со средства од Основниот буџет во износ од 9.802.960,00 денари.

Вкупните расходи на Советот на буџетската сметка 637 и на сметката на самофинансирачки активности 787 за 2023 година изнесуваат 10.404.728,00 денари.

*Плати и надоместоци* – Расходите за плати и надоместоци изнесуваат 5.922.755,00 денари и истите се однесуваат за исплата на плати на вработените во стручната служба и Претседателот на Советот.

*Стоки и услуги* – Расходите за стоки и услуги од буџетската сметка изнесуваат 3.033.761 денари, а од самофинансирачката сметка изнесуваат 906.378 денари. Расходите во рамките на оваа категорија се однесуваат за исплата на патни и дневни расходи за патувања на вработените во земјата и странство, комунални услуги за просторот со кој располага Советот, расходи за материјали и ситен инвентар, расходи за поправки и тековно одржување, расходи за договорни услуги и други тековни расходи.

*Субвенции и трансфери* – Расходите за трансфери изнесуваат 490.719,00 денари и истите се наменети за исплата по основ на судски пресуди.

---

[12] *The Road to Europe: Program of Accounting Reform and Institutional Strengthening;*

[13] *European Border and Coast Guard Agency;*

| Група | Расходна ставка | Опис | План на сметката 637 | Реализација на сметката 637 | План на сметката 787 | Реализација на сметката 787 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 401 | Основни плати | 4.219.627 | 4.214.822 | - | - |
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 1.637.933 | 1.637.933 | - | - |
| | 404 | Надоместоци | 70.000 | 70.000 | | |
| **40** | | **Плати и надоместоци** | **5.927.560** | **5.922.755** | **-** | **-** |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 300.000 | 288.567 | 550.000 | 186.096 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.080.000 | 931.520 | - | - |
| | 423 | Материјали и ситен инвентар | 160.000 | 114.640 | 200.000 | - |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 160.000 | 159.639 | 200.000 | 30.000 |
| | 425 | Договорни услуги | 1.150.000 | 1.149.578 | 1.000.000 | 540.582 |
| | 426 | Други тековни расходи | 450.000 | 389.817 | 150.000 | 149.700 |
| **42** | | **Стоки и услуги** | **3.300.000** | **3.033.761** | **2.100.000** | **906.378** |
| | 464 | Разни трансфери | 500.000 | 490.719 | - | - |
| **46** | | **Субвенции и трансфери** | **500.000** | **490.719** | **-** | **-** |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 20.400 | - | - | - |
| | 483 | Купување на мебел | 55.000 | 51.115 | - | - |
| | 485 | Вложување и нефинансиски средства | - | - | - | - |
| **48** | | **Капитални расходи** | **75.400** | **51.115** | **-** | **-** |
| **ВКУПНО** | | | **9.802.960** | **9.498.350** | **2.100.000** | **906.378** |

| | |
|---|---|
| Број 01-149/1<br>22.04. 2024 година<br>Скопје | **Претседател на Советот**,<br>Александар Наумоски |